# INTERETHNIC RELATIONS IN THE EUROPEAN UNION AND THE CONCEPT OF EUROPEAN CIVIL SOCIETY

**Jasmina Trajkoska**
Faculty of Political Science and Diplomacy, FON University, Skopje, Macedonia
jasmina.trajkoska@fon.edu.mk

**Abstract:** Globalization by itself leads to quick alliance which on European soil is started on economic level with European Economic Community, later on, emerged the necessity of full political connection which is at the same time essential, and harder to achieve. European Union strives to consolidate unity with building the "European Identity", however this formation is in early stage. Crucial, to perceive the realization of this concept so far, are the opinions of the experts, through their attitudes we could find out how successfully is implemented towards achieving European Civic society. Do they believe in the concept of "European civic society"? In the European member states there are ten interethnic conflicts. These interethnic conflicts are showing the necessity of creating applicable measures by the European institutions to overcome them, and create functional European Identity, which will lead to stronger political union. Firstly, this paper covers the way of preventive diplomacy practiced by the European Union for interethnic conflicts in its borderline. Secondly, gradation of each interethnic conflicts presented in the European Union such as Estonian case with Russian national minority, Spanish with Catalonian national minority, in Croatia with Serbian national minority, in Romania and Slovakia with Hungarian national minority, in Spain with Basques' which are ethno-nationalists, in the North Cyprus with Turks and Corsicans in France, the both are ethno-nationalists, also there is an interethnic conflict in Belgium, between Flemish and Walloons communities. Each of these interethnic conflicts in the boundaries of the European Union has different level of intensity. The last two parts cover the concept of European Identity and research which is conducted in 2016 with the fifty experts in the field of interethnic conflicts and multiculturalism. In conclusion, this paper confirms the necessity of replacing the ethnic nationalism with civic nationalism in policies, as well as, in all levels rhetoric. The main objective of this paper is to make clear picture of all interethnic conflicts in the boundaries of European Union nowadays and to analyze the possibilities of measures for multicultural societies which are crucial for overcoming ethnocentrism. All of this above mentioned is essential change for European Union to reinforce its position in the actual multipolar world.

# МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И КОНЦЕПТОТ НА ЕВРОПСКОТО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

**Јасмина Трајкоска**
Факултет за политички науки и дипломатија, ФОН Универзитет, jasmina.trajkoska@fon.edu.mk

**Резиме**: Глобализацијата ја забрзува потребата од обединување кое на европскиот континент започна најпрво во економска форма, со Европска Економска заедница, за да многу брзо се наметне и потребата од политичко обединување кое во исто време е и неопходно и потешко остварливо. Европската Унија се стреми кон зацврстување на заедништвото и преку градење на "европски идентитет", оваа формација е во рана фаза. За да ја согледаме реализацијата на овој концепт до сега , клучни се согледувањата на експертите кои работат во оваа област, преку нивните ставови можеме да одредиме колку успешно се спроведува досега направеното во насока на "европското граѓанско општество".Од друга страна во рамките на земјите –членки на унијата постојат десет меѓуетнички конфликти со различен интензитет. Овие конфликти ја покажуваат неопходната потреба од пронаоѓање на мерки од страна на Европската Унија за надминување на истите и создавање на Европски идентитет кој ќе ја зацврсти идејата за поцврста политичка унија.
Овој труд опфаќа согледување на превентивната дипломатија која ја практикува Европската Унија за меѓуетничките конфликти во нејзини рамки. Поединечно степенување на меѓуетничките конфлити кои постојат во Естонија и Латвија со руското национално малцинство, во Шпанија со каталонското национално малцинство, во Хрватска со српското национално малцинство, во Романија и Словачка со унгарското малцинство, во Шпанија со баскијците кои се етнонационалисти, во Кипар со Северен Кипар и турските етнонационалисти, и корзиканците во Франција кои спаѓаат исто така во групата на етнонационалисти,

опфатен е и случајот на Белгија помеѓу Фламанците и Валонците. Концептот на Европската Унија за градење на европски идентитет. Истажување, спроведено во 2016 година со 50 експерти, по пет од секоја од земјите во кои постои одреден меѓуетнички конфликт и заклучни согледувања кои се однесуваат на потребата од граѓански национализам наспроти етничкиот кој е застапен на европското тло долг период. Главната цел е да даде комплетна слика за состојбата на меѓуетничките конфликти поединечно, мерките за градење на концептот за европски идентитет и можноста за надминување на пречките кои постојат во поглед на градењето на мултикултурализам, наместо етноцентризам. Ова е клучно за Европската Унија да ја зацврсти својата положба во актуелниот мултиполарниот свет.

**ВОВЕД**

Во раните 90 ти по падот на Берлинскиот ѕид, преструктиирањето на федерациите во независни држави, промената на меѓународниот политички систем, како реална потреба во меѓународната политика се наметнува превенцијата на конфликтите, односно "превентивна дипломатија"[263]. Превентивната дипломатија е трајна идеја на Обединетите нации која е во постојан развој од самиот почеток на идејата пред половина век. Нејзината цел е да ја превенира ескалацијата на спорот помеѓу две страни, да ги превенира постоечките спорови и да превенира ширење на веќе постоечкиот спор[264]. Од 1992 година Обединетите нации овој термин го заживува во "Агендата за мир" преку овој чекор се дава и значењето и вниманието кое превентивната дипломатија го заслужува во рамките на меѓународната политика. Организацијата за економска соработка и развој (OECD), OBSE, G-8 публикуваа многу трудови во насока на превенција на конфликтите.

Европската Унија е нов актер во оваа насока, во средината на деведесеттите започнува да го следи глобалниот тренд на меѓународните организации реформирајќи ја сопствената структура и капацитети во насока на превенција и менаџмент на конфликтите. Во насока на превентивната политика треба да разликуваме два вида на превенција. Првиот е на долг рок или структурна превенција и краткорочна или операционална превенција уште позната како кризен менаџмент. Овие две категории ги вклучуваат сите мерки и политики кои што имаат за цел да ги елиминираат длабоките корени на конфликтот како што се сиромаштија, економска нееднаквост, дискриминација, политичка репресија или неефикасни институции и притоа изнаоѓаат решенија кои се одржливи[265].

Почитување на правото за припадност на определено "малцинство"е едно од основните вредности во Европската Унија. Ова право експлицитно е содржано во Член 2 од Договорот на Европската Унија[266] каде што се нагласува дека "Унијата е основана врз принципот на почитување на човековиот дигнитет, слобода, демократија, еднаквост, владеење на правото и човековите права, вклучување и на правото за припадност кон определена малцинска заедница. Овие вредности се заеднички со земјите членки во општества во кои плурализмот, недискриминацијата, толеранцијата, правдата, солидарноста и еднаквоста помеѓу мажот и жената ќе надвладеат". Дополнително европските легислативи и програми допринесуваат со борба против дискриминација која го вклучува и правото на припадност кон малцинска заедница. Во член 21[267] од Повелбата за основните права во Европската Унија се забранува дискриминацијата и врз основа на етничка припадност.

---

263 Preventive Diplomacy: Delivering results, http://www.un.org/wcm/webdav/site/undpa/shared/undpa/pdf/SG%20Report%20on%20Preventive%20Diplomacy.pdf 18.08.2015 година.

264 "An Agenda for Peace: Preventive diplomacy, peacemaking and peace-keeping" (A/47/277 - S/24111), 17 June 1992

***265 U Schneckener,** "Developing and Applying EU Crisis Management: Test Case Macedonia", 2002, ECMI*

266 Член 2 од Договорот на Европска Унија, http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2008:115:0013:0045:en:PDF, 01.09.2015 година.

267 Повелба за основните права на Европската Унија, http://www.europarl.europa.eu/charter/pdf/text_en.pdf, 02.09.2015 година.

Европската Комисија нема директна моќ во однос на третирањето на малцинствата во земјите членки , посебно нема мешање во прашањата кои се однесуваат на признавање на статусот на малцинство, самоопределувањето и автономијата како и врз употребата на регионални и малцински јазици, сите земји членки имаат поединечна моќ и политики со кои ги регулираат правата на малцинствата во нивни рамки. Земјите членки се обврзани да ги почитуваат основните фундаментални права преку нивно уставно и институционално гарантирање, ова е директно поврзано со "малцинските" права бидејќи основно чевеково право е правото на самоопределување и правото на религија.

Европската Унија природно и неминовно ја сочинуваат различни нации и етнички групи. Односот кон малцинствата е во секоја држава- членка засебен. Постојат држави во рамките на унијата како што е примерот со Грција и Франција кои не признаваат малцинства во рамките на сопствените држави. Самата дефиниција за етнички малцинства е проблематична на меѓународно ниво, сеуште немаме унифицирана, прифатена дефиниција за етнички малцинства, земајќи го во предвид фактот дека не постои етнички "чиста" држава ова е едно од сензитивните прашања за секоја држава поединечно.

Во Европската унија во последната деценија јасно се гледа на разграничувањето помеѓу "две" Европи: "западна" каде што имаме поизразен индивидуализам и појака свест за Европа и "источна" која заостанува во поглед на градењето на нации и развиен демократки поредок која е во фаза на предмодерен процес.[268] По појавата на Европската Унија дел од теоретичарите сметаат дека со пренесувањата на определени права на наднационална организација европските држави преминуваат во ерата на постнационализмот, со тоа што стануваат меѓузависни на политички, економски, социјален план и национализмот веќе не претставува најзначајна политичка вредност.[269]Понатаму следат теоретски размислувања за тоа дека процесот на глобализација ќе допринесе за надминување на национализмот со тоа што детериторијализацијата на општествениот простор треба да доведе до денационализација на општествениот идентитет.[270]

Меѓутоа, национализмот сеуште преовладува како основа за политичкиот легитимитет, аксиома која значи дека само националната самоуправа претставува легитимен облик на владеење.[271] Заеднички предизвик е да ги согледаме мерките за надминување на етноцентризмот и промена на концептот на етнички национализам во граѓански.

**МЕЃУЕТНИЧКИ СПОРОВИ И КОНФЛИКТИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Во рамките на Европската Унија денес имаме десет спорови и конфликти кои се од етнички карактер, тоа се сеуште нерешени и отворени прашања како што е прашањето на Каталонија, Баскија, унгарците во Словачка и Романија, русите во Естонија и Латвија, Корзиканците во Франција, прашањето помеѓу турците и грците во Северен Кипар, односот помеѓу Фламанците и Валонците во "центарот"на Европската Унија, Белгија, прашањето на српското малцинство во Источна Славонија, Хрватска[272].

Националистичките движења се од различен карактер: јазичен и културен национализам чија цел е ограничено ширење на автономните права како што е Велшкиот, Бретонскиот, Галицискиот и Каталонскиот; јасно исформулиран национализам кој прокламира потполна независнот како што е Фламанскиот, Валонскиот и Шкотскиот; како и национализам кој вклучува и насилство како што е Баскијскиот и Корзиканскиот пример. Која и да е природата на национализмот јасно се покажува фактот дека во Европската Унија постојат колективитети кои не се задоволни со решението за нивниот национален идентитет и настојуваат да се борат за поголема самостојност во креирањето на јавните политики на нивните територии.

---

[268] Mattei Dogan, "The Decline of Nationalisms within Western Europe", Comparative Politics, Vol. 26, No. 3, April 1994, pp. 285, 294–6.

[269] ibid., pp. 281–305

[270] Jan Aart Scholte, Globalization: A Critical Introduction, Second Edition, Palgrave Macmillan, Basingstoke, 2005, pp. 224–55

[271271] Craig Calhoun, "Nationalism and Ethnicity", Annual Review of Sociology, Vol. 19, 1993, p. 212.

[272] Conflict Barometer 2014", Heidelberg Institute for International Conflict Research, http://www.hiik.de/de/konfliktbarometer/pdf/ConflictBarometer_2014.pdf, 15.09.2015 година.

Конфликтите кои се однесувале на автономија се карактеризираат со низок интензитет, од оние конфликти кои се однесуваа за сецесија, додека два од нив се во Европската Унија тоа се во Франција (Националниот ослободувачки фронт на Корзика), исто така 2012 година се случија најголемите демонстрации во Европа за сецесија на Каталонија со 1.5 милиони демонстранти во главниот град на Каталонија- Барселона.[273] Како што изјавува Бутрос Бутрос Гали во 1992 година"Ако секоја етничка, религиска или јазична група се стреми за државотворност, можноста за да се постигне фрагментација, мир, безбедност, економски развој ќе биде неизводлива "[274] Иако некои автори сметаат дека политичката дејност на етничките и малцинските јазици е со "помало влијание"[275], сепак во западноевропските држави не дојде до асимилација на определени малцинства во социјалните и културните процеси, се смета дека тоа е како резултат на технилошкиот развој и формирањето на наднационални интеграциони структури. Во политичките теории постои значајна дебата за легитимноста на степенот на признавање, афирмација и институционализација на етничките, културните и јазичните права во демократските мултинационални земји. Некои теоретичари сметаат дека признавањето на овие идентитети е прашање на демократска правда.[276] А други пак дека европската интеграција е најдобар начин за етничките групи да ги остварат своите национални амбиции.[277]

Различните групи се делат на "национални малцинства"; "етнонационалисти"; "етнокласи". Под поимот **национално малцинство** се подразбира: елементи на трансдржавни народи со историја на организирана политичка автономија чиишто сродни елементи имаат контрола над некоја соседна држава, но кои сега претставуваат малцинство во државата во која живеат. Такви во Европската Унија се русите во Естонија, русите во Латвија, унгарците во Романија, каталонците во Шпанија, србите во Источна Славонија, Хрватска, унгарците во Словачка.

**Етнонационалисти:** Тоа се регионално концентрирани народи со историја на организирана политичка автономија во нивната држава, владетел по традиција или регионална влада, кои, поддржувале политички движења за автономија во разни периоди уште од 1945-та година. Во Европската Унија тоа се баскијците во Шпанија, корзиканците во Франција, кипарските турци во Северен Кипар.

**Етнокласи:** Тоа се етнички или културолошки посебни народи, најчесто потомци на робови или имигранти, кои, во најголем дел, сочинуваат посебен општествен или економски слој или гранка. Во рамките на Европската Унија ромите спаѓаат во оваа категорија и турците во Германија.

Опфатени се сите конфликти, поединечно, според степенот на "конфликтност" и дали станува збор за барања за автономија или сецесија. Не ги земаме во предвид конфликтите во Северна Ирска и Шкотска кои исто така беа во склоп на Европската Унија пред Брегзит. Според конфликт барометарот[278] , каде што под поимот конфликт се подразбира "конфликт на интереси во однос на национални вредности помеѓу две страни (организирани групи, групи на држави, организации, држави) кои се насочени кон остварување на нивните интереси и победа над другата страна".

Конфликтот во Франција со Корзиканците кој што е започнат во 1975 година, а се однесува на барање за сецесија, од 2003 година до денес се карактеризира со интензитет "**3**" што значи криза во тензична ситуација во која едната страна употребила насилна сила во поединични инциденти, овој конфликт влегува во категоријата насилна криза.[279]

---

[273] "Conflict Barometer 2012", Heidelberg Institute for International Conflict Research, No.21
[274] "The Self-determination of peoples- community, nation and state in an independent world", edited by Wolfgang Danspecgruber, Lynne Kienner Publishers, 2002
[275] "Nation Building", K.Deutsch and W. Foltz (ed), New York, 1996
[276] Amy Gutmann, "Identity in Democracy", 2003, Prinston
[277] Z. Csergo & J. M. Goldgeier, Virtual Nationalism : Foreign Policy 125, 2001
[278] http://www.hiik.de/en/konfliktbarometer/pdf/ConflictBarometer_2003.pdf

[279] Ниво на интензитет: 1- низок интензитет, ненасилен конфликт, претставува спор, 2- ненасилен конфликт, низок интензитет, претставува ненасилен криза, 3- среден интензитет, насилен конфликт, претставува насилна криза, 4-висок интензитет, насилен конфликт, претставува ограничена војна, 5- висок интензитет, насилен конфликт, претставува војна.

Конфликтот во Латвија, кој се однесува на автономија на руското малцинство, започнат во 1991 година, од 2003 до 2008 се карактеризира со интензитет **“2”** што значи дека станува збор за “Манифест конфликт” или видлив конфликт во кој не се употребуваат насилни сили, но имаме употреба на други мерки кои вклучуваат вербален притисок, брутално јавно третирање или пак определени мерки на економски санкции. Од 2009 до денес имаме намалување на интензитетот на овој спор (конфликт) на **“1”** што значи дека станува збор за “Латентен конфликт” кој во основа е со низок интензитет.

Конфликтот во Естонија, започнат 1991 година, кој исто така се однесува на автономија на руското малцинство, за периодот од 2003-2006 година нема податоци, од 2007 година, податокот покажува конфликт со среден интензитет **“3”,** од 2009 и 2010 година имаме намалување на интензитетот на **“2”,** од 2011 до денес имаме уште едно намалување на овој конфликт, и денес интензитетот е **“1”.**

Конфликтот кој се однесува на сецесија на провинцијата Баскија во Шпанија започнат во 1959 година, од 2003 до 2010 година се карактеризира со среден интензитет **“3”,** значи насилна криза, од 2011 до денес е со интензитет “2”, односно ненасилна криза.

Конфликтот кој се однесува на сецесија на Каталонија од Шпанија, започнат во 1979 година, од 2003-2006 нема податоци, од 2007 до денес е непроменет се оценува со низок интензитет **“1”** , овој случај се карактеризира како спор.

Конфликтот кој е помеѓу Република Кипар и Северен Кипар, започнат во 1963 година, а се однесува на сецесија, е со интензитет **“2”,** односно, ненасилна криза.

Конфликтот во Република Хрватска, источна Славонија, со хрватските срби започнат во 1992, кој се однесува на автономија на таа област, Конфликт барометарот нема податоци од 2003-2005 година, од 2006 до 2009 година се карактеризира со интензитет **“2”,** што значи ненасилна криза, од 2010 до денес имаме намалување на интензитетот на **“1”** што значи дека овој случај во моментот е со низок интензитет, односно станува збор за спор.

Конфликтот помеѓу Валонците и Фламанците во Белгија, се однесува на барање на автономија од страна на Фламанците, е карактеризиран како нов конфликт во 2007 година, од 2007-2009 година е со интензитет **“2”,** од 2010 до денес се забележува намалување на интензитетот на **“1”,** односно од ненасилен конфликт преминува во спор.

Конфликтот во Романија, во регионот Трансилванија со унгарското малцинство, започнат во 1989 година, од 2003 до 2005 се карактеризира со низок интензитет **“1”,** во 2006 има промена на интензитетот во негативна насока, односно **“2”,** од спор станува ненасилен конфликт, но во 2007 до денес повторно е со низок интензитет **“1”.**

Конфликтот во Словачка со унгарското малцинство кој започнал 1998 година, од 2003 -2005 година е со низок интензитет т.е. претставува спор, од 2006 до 2009 година е со повисок интензитет **“2”,** во овој период преминува во ненасилна криза. Од 2009 година до денес повторно го намалува интензитетот во спор.
Сите овие актуелни горенаведени спорови се како резултат на обемната и тешка историја на континентот Европа, испреплетени истории, голема приврзаност кон концептот држава- нација и кон национализмот во негативна конотација. Терминот “етничко малцинство” и денес во меѓународни рамки претставува тешкотија во самата основа и при негово дефинирање. Она што Европската Унија треба да го постигне преку Европеизација и заеднички Европски идентитет треба да е врз база на зачувување на националниот идентитет и надградба на истиот со “европскиот” за да се зачува и зацврсти како глобален субјект на меѓународната сцена. Сите овие наведени конфликти со различен интензитет го загрозуваат внатрешното ткиво на Европската Унија кој има уште поголеми надворешни закани, како што се миграционите движења, затоа едно од решенијата е градење на заеднички идентитет и зајакнување на заедничката надворешна и безбедносна политика.

**КОНЦЕПТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА “ЕВРОПСКИ ИДЕНТИТЕТ”**

Европската Унија од првичната форма на економска унија се повеќе се стреми да прерасне и во политичка унија. Оваа креација е како свесност и емпатија за да не се повторат негативните настани кои го обележаа XX век, за таа цел унијата се стреми да достигне заедничко “Европско” чувство на припадност кај различните нации и етницитети кои ја сочинуваат. Во контекстот на Европската унија како политичка унија спаѓа и “Европскиот идентитет” и јавните политики кои ги спроведува Европската комисија за изградување

и зацврстување на овој идентитет. Самата валидност на овој концепт е доведена во прашање.[280] Тоа се јавува како последица на историскиот багаж на Европа, креацијата на држава-нација токму на нејзино тло, конфликтите кои се воделе помеѓу империите, подоцна и државите, и самата комплексност на терминот идентитет и променувањето на матрицата која владее со векови на европско тло.

Личниот идентитет, со проширувањето на унијата, личниот европски идентитет доколку се поседува како таков содржи и лична и колективна компонента. Личноста се ориентира себе си кон една или повеќе групи (реални или замислени) низ процесот на идентификација. Во смисла на географската целина, идентитетската припадност може да се однесува на локално, регионално, национално, европско и глобално. Настрана од политичките, административните и економските елити, многу малку луѓе ја имаат “Европа” како примарна позиција за идентификација.[281] Најзначајните колективи за лична идентификација се географски во целина, но истите се поврзани со различни типови на идентификација, пол, род, етничка или јазична група, социјална класа, припадност кон определена организација или политичка партија и сл. Процесот на “Европеизација” во насока на еден вид идентитет е замислен преку остварување на заедничка “Европска матрица” која се однесува на вредности, права, одговорности, социјални економски предности кои ги имаат граѓаните на Европската Унија.

Концептот на Европскиот идентитет се спроведува преку[282]:

- **Европеизација** која генерално се однесува на националните институции и активностите кои се спроведуваат на национално ниво во рамките на Европската Унија.
- **Транснационализам** се однесува на формата на живеење надвор од националните граници кој станува се позастапен со развојот на технологија и комуникација, достапноста на ефтини летови до различни и подалечни европски дестинации, релаксирање на граничните контроли, Шенген зоната и проширувањето на границата на Европска Унија кон централна и источна Европа.
- **Космополитизам**, концепт кој се базира на почитување на различните култури, а Европа да биде космополитска врз база на традиционалните европски вредности, еднаквост и толеранција, кои се поддржани од страна на Европските институции, запознавање на различните национални и етнички структури кои што живеат во Европската Унија, контакти по разни основи помеѓу истите, како и во целина Европскиот континент денес инкорпорира многу различни карактеристики кои се од секој дел од светот.

Димензиите за искажување на Европскиот идентитет[283], а произлегуваат од проектот “Рамковна програма” од Европската комисја, се следните:

- Повеќе социјални идентитети и биолошки идентитет;
- Транснационални интимни врски;
- Колективна акција;
- Стандардизации и регулација;
- Интеркултурни преводи;
- Инклузија/ексклузија
- Структурални услови и структурни можности;
- Јавна сфера и државно-регулирани институции.

Целиот овој концепт сеуште е во рана фаза на развој, како голем предизвик на истиот се меѓуетничките конфликти и негативниот национализам кој тлее во земјите членки на Европската Унија.

## ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето е спроведено со 50 испитаници, по 5 од горенаведените земји во кои постои различен степен на конфликт, сите со докторски или постдокторски истражувања во оваа област, има за цел да покаже кое е

[280] R. Brubaker and F. Cooper (2000). ‘Beyond “Identity”.’Theory and Society стр.1-47

[281] https://ec.europa.eu/research/social-sciences/pdf/policy_reviews/development-of-european-identity-identities_en.pdf , 22.09.2015
[282] https://ec.europa.eu/research/social-sciences/pdf/policy_reviews/development-of-european-identity-identities_en.pdf, 22. 09.2015
[283] Ibid.

мислењето на експертите кои треба да градат определена слика во европското општество за клучните прашања во однос на Европско граѓанство.

Мислењето на експертите во оваа област е клучно за понатамошниот развој на Европскиот идентитет, како што е нагласено на почетокот овој идентитет е “спорен” кај широките маси во однос на “убеденоста” во поглед на неговото постоење. Затоа е клучен ставот на експертите кои создаваат дела, истражувања и искажуваат мислења кои директно влијаат врз јавното мислење и ја отвараат и развиваат дебатата за европскиот идентитет и заедничката иднина на Европа. Позитивно е она што може да се види во одговорите кои јасно покажуваат дека консултираните експерти имаат веќе изграден став и гледаат реална перспектива во развој и постоењето на Европскиот идентитет. Најголем дел од нив гледаат реална можност и подлога на европското тло за изградба и зацврстување на европскиот идентитет, кој како таков значи и зацврстување на политичката унија во склоп на Европската Унија.

Во однос главниот столб врз кој треба да се гради Европскиот идентитет, експертите во најголема мера сметаат дека како главен столб треба да биде културата, односно развој на мултикултурата која подразбира познавање и признавање на сите култури во рамките на унијата и создавање на заеднички симболи и знаци со кои можат и се идентификуваат граѓаните на Унијата, потоа социо-економските услови, па политиката и економијата. Она што се потврдува како значајно од ова прашање е тоа дека Европската Унија треба да се насочи кон зачувување и признавање на различните култури, притоа без фаворизирање или дискриминација помеѓу нив, бидејќи на тој начин се загрозува довербата во самата унија и можноста за зацврстување на заедништвото преку истата.

Меѓуетничките конфликти кои според интензитет кои се наведени во горниот дел од трудот се голем предизвик за Европската Унија во поглед на превентивната дипломатија и засилување на мерките и политиките кои треба да ги превземе самата унија, а и земјите поединечно, за со цел да не дојде да некој од горе споменатите конфликти да премине во конфликт со висок интензитет, односно војна. Она што е значајно во одговорите на експертите е директно упатена критика кон Европската Унија за нејзината улога во меѓуетничките спорови. Најголем  процент од консултираните експерти сметааат дека Европската Унија има незначителен придонес или воопшто не придонесува за подобрување на меѓуетничкиот соживот во земјите во кои што постои различен интензитет на меѓуетнички спор.

Консултираните експерти за прашањето во однос на нивното лично чувство за припадност кон определен идентитет – национален или “европски” во најголем број истакнуваат дека имаат чувство на припадност кон двата идентитети.

**ЗАКЛУЧЕН ОСВРТ**

Мислењето на експертите е клучно за развојот и иднината на научните трудови врз чија основа понатаму би се одвивале научните дебати на оваа тема и при тоа креирањето на јавно мислење во насока на национализам или мултикултурализам. Консултираните експерти од Европската Унија сметаат дека постои реална можност за создавање на европски идентитет кој би се базирал во најголема основа врз културата, што значи градење на заеднички европски културни рамки, социо-економски услови треба да се секундарниот приоритет на европскиот граѓанин, потоа политиката и како последен столб врз кој би се основал европскиот идентитет е економијата, ова ни укажува на директна критика врз Европската Унија за зацврстување и воспоставување на заедничка политичка унија, токму она што денес претставува најголем предизвик за земјите членки на унијата.

Во поглед на улогата на Европската Унија во подобрување на меѓуетничкиот соживот во земјите каде што имаме меѓуетнички спорови, мислењето на експертите во најголем дел е показател за слабото позитивно влијание на унијата во овој контекст. За таа цел Европската Унија се соочува со потребата од градење на појака институционална структура која ќе биде насочена кон поголемо влијание на унијата во градење на мултикултурен концепт. Денес Европската Унија се соочува со миграциони движења кои целосно ја променуваат демографската карта, за таа цел една од најважните политики треба да се однесува на сплотувањето на политичка основа кој ќе придонесе надминување на меѓуетничките конфликти и креирање на европски идентитет.

Вкупно истражувањето укажува на потребата од градење на цврста политичка унија помеѓу земјите членки и потреба да честата употреба на поимите “мнозинство”, ”малцинство” во медиумската, научната сфера кај нас допринесуваат да едните се сметаат за заслужна привилегирана група, додека пак другите за

дискриминирана група во општеството. Самиот факт дека денес не постои моноетничка држава не води кон нова матрица на размислување и во крајна линија промена на дефинициите кои поттикнуваат конфликтност. Чувството на најголемата етничка заедница како државотворен народ, а останатите заедници кои од секогаш живеат во истата земја како "останатите" како последица го разорува основното ткиво на граѓанскиот мултикултурен концепт. Веќе новите рамки на идеи треба да се движат во насока на надминување на државата-нација како најстабилна форма на обединување на народот.

Она што е потребно за поцврста политичка и наднационална унија е градење на Европската Унија врз концептот на граѓански национализам кој значи мултикултурализам кој во основа ќе се однесува на меѓусебното вклучување на граѓаните припадници на различни култури во внатрешноста на едно општество или држава и истиот се однесува на елиминација на моќта и доминација на едните над другите. Мултикултурализам кој тежнее кон укинување или барем слабеење на механизмот на исклучување, односно зголемување на можноста за вклучување. И притоа политички елити кои веруваат во концептот на мултикултурализам, а не за жал негативни примери како што беа Британскиот премиер Дејвид Камерон, германската канцеларка Ангела Меркел и поранешниот француски претседател Никола Саркози кои истакнаа дека мутикултураллизмот е мртов.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

[1] Alonso, S., Ruiz-Rufino, R. (2007) Political Representation and Ethnic Conflict in New Democracies. European Journal of Political Research, 46 (2), pp.237-267.
[2] Bochsler, Daniel. 2010. "The Nationalisation of Post-Communist Party Systems." Europe-Asia Studies 62 (5):807-27.
[3] Brubaker, R. (1996) Nationalism Reframed: Nationhood and the National Question in the New Europe. Cambridge: Cambridge University Press.
[4] Brubaker, R., (2006). Ethnicity without Groups. Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts, and London, England
[5] Conflict Barometer Data. (1992-2013) Heidelberg Institute for International Conflict Research e. V. at the Department of Political Science, University of Heidelberg Campus Bergheim. At: www.hiik.de
[6] K.Deutsch and W. Foltz , (1996), "Nation Building", New York
[7] Amy Gutmann, (2003),"Identity in Democracy", Prinston
[8] Z. Csergo & J. M. Goldgeier, (2001), Virtual Nationalism : Foreign Policy 125
[9] Caramani, Daniele. 2004. The Nationalization of Politics: The Formation of National Electorates and Party Systems in Western Europe. Cambridge: Cambridge University Press.
[10] Chandra, K. (2012)(Ed.) Constructivist Theories of Ethnic Politics. Oxford University Press. Ohford and New York.
[11] Gadjanova, E. (2012) What is an Ethnic Appeal? Policies as Metonymies for Ethnicity in the Political Rhetoric of Group Identity Ethnopolitics, 12:3, pp. 307-330.
[12] Gellner, E. (1983) Nations and Nationalism. Cornell University Press, Ithaca and New York.
[13] Horowitz D.L. (2000) Ethnic Groups in Conflict. 2nd ed. University of California, Berkeley and Los Angeles.
[14] Lijphart, A. 1995. Self-determination versus pre-determination of ethnic minorities in power-sharing systems. In will kimlicka the rights of minority cultures ohford university press
[15] Milan Bufon , 8 November 2006 ,"Between social and spatial convergence and divergence: an exploration into the political geography of European contact areas", Springer Science + Business Media B.V